


Годишен извештај за работењето на групацијата Реплек АД

2021

replek



Годишен извештај за работењето на групацијата Реплек АД

2021

replek

содржина

01 клучни показатели

Финансиски резултати од посебните финансиски извештаи на друштвата кои се вклучени во консолидацијата

Финансиски ризици и управување со истите

Фирми ќерки

02 за реплек

03 организациона структура

04 корпоративни информации

Надзорен одбор

Извештај од работењето на Управниот одбоњ

05 акционерите во фокус

Структура на акционери и акционерски капитал

Дивиденда

06 вработените во фокус

Клучни податоци за вработените

Образовната структура на вработените во Групацијата Реплек на 31 декември 2021 година

Инвестираме во образование и доусовршување на вработените

Грижа за вработените и во време на криза

Единство и тимски дух

07 животната средина во фокус

08 општествена одговорност

Донации

Кодекс на корпоративно управување

Трка за независност – Крушево

09 инвестиции

Модернизација и зголемување на капацитетите

Процеси и сертификација

10 портфолио

Маркетинг и продажби

Нови маркетинг авторизации

Нови производи во 2021

Лекови на рецепт според фармако – терапевтска група

Лекови без рецепт

Антисептици и Дезинфициенси

Додатоци во исхраната

Гранични производи

01 клучни показатели

Групацијата Реплек Скопје ја извршува дејноста преку 3 правни субјекти:

- РЕПЛЕК АД Скопје – веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и медицинска опрема.
- РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје – фабрика за лекови и хемиски производи,
- РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје – друштво за трговија на големо и мало, увоз – извоз и услуги во чиј состав се:
  1. Реплек Маркет
  2. Ресторан „Ден и Ноќ“

Групацијата во деловната 2021 година ги оствари следните резултати:

	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД	Индекс 21/20
Вкупни приходи	1.297.833	1.331.117	97
Вкупни расходи	1.143.672	1.148.280	100
Добивка пред оданочување	**154.161**	**182.838**	**84**
Данок на добивка	19.368	19.124	101
Добивка по оданочување	**134.793**	**163.714**	**82**

Консолидираната добивка на Групацијата за 2021 година произлегува од следните финансиски резултати на друштвата во сопственост на Реплек АД:

Субјект	2021 (МКД 000) Добивка пред оданочување	2020 (МКД 000) Добивка пред оданочување
Реплек АД	-16.290	-5.138
Реплек Фарм	162.285	188.315
Реплек Маркет	7.567	259
Ефект од консолидација	599	-598
Консолидирана добивка	**154.161**	**182.838**

Финансиски резултати од посебните финансиски извештаи на друштвата кои се вклучени во консолидацијата

Веледрогеријата Реплек АД, во деловната 2021 година ги оствари следните резултати:

	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД	Индекс 21/20
Вкупни приходи	186.939	212.559	88
Вкупни расходи	127.229	109.697	116
Добивка пред оданочување	**59.710**	**102.862**	**58**
Данок на добивка	0	697	0
Добивка по оданочување	**59.710**	**102.166**	**58**

РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ учествува со значителен дел во финансиските резултати на Групацијата РЕПЛЕК, оствари позитивни финансиски резултати:

	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД	Индекс 21/20
Вкупни приходи	1.060.621	1.132.569	94
Вкупни расходи	898.335	944.254	95
Добивка пред оданочување	**162.286**	**188.315**	**86**
Данок на добивка	18.220	18.213	100
Добивка по оданочување	**144.066**	**170.102**	**85**

РЕПЛЕК МАРКЕТ ДООЕЛ со вршење на дејностите продажба на стоки на мало и големо преку маркетот и угостителски услуги преку ресторанот „Ден и Ноќ“ и во текот на 2021 година оствари позитивни финансиски резултати:

	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД	Индекс 21/20
Вкупни приходи	209.995	178.564	118
Вкупни расходи	202.428	178.306	114
Добивка пред оданочување	**7.567**	**259**	**2.927**
Данок на добивка	1.149	214	536
Добивка по оданочување	**6.418**	**44**	**14.566**

Консолидираната оперативна добивка за периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година на Реплек АД Скопје изнесува 161.193.709 денари. Оперативните приходи изнесуваат 1.255.845.112 денари и се намалени за 2%, а оперативните расходи изнесуваат 1.135.021.292 денари и бележат намалување од 0,4% во однос на истиот период претходната година. Вкупните приходи од продажба се намалени за 2% во однос на истиот период минатата година, односно приходите од продажба на странски пазар се намалени за 10%, а приходите од продажба на домашен пазар се зголемени за 15%. Приходите од продажба на странски пазар имаат учество од 64% во вкупните приходи од продажба (2020: 69%). Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 154.161.194 денари и бележи намалување од 16% во однос на истиот период минатата година.

Приходи од продажба:

	2021 (000) МКД	2021 % учество	2020 (000) МКД	2020 % учество	Индекси 21/20
Домашен пазар	**442.643**	**36%**	**383.929**	**31%**	**115**
Русија	349.647	29%	370.768	30%	94
Останати ЗНД	81.576	7%	118.171	9%	69
Африка и Близок Исток	151.179	12%	166.665	13%	91
Југоисточна Европа	157.991	13%	151.098	12%	105
Југоисточна Азија	19.596	2%	14.900	1%	132
Европска Унија	16.297	1%	40.420	3%	40
Останати	1.230	0%	5.457	0%	23
Странски пазар	**777.516**	**64%**	**867.479**	**69%**	**90**
	1.220.160	**100%**	**1.251.407**	**100%**	**98**

На крајот на 2021 година, Групацијата располага со активa во износ од 2.120.379.385 денари со следната структура:

- тековни средства во износ од МКД 769.028.759 денари (средства на жиро сметки, залихи, побарувања од купувачите, краткорочни финансиски вложувања), што претставува 36% од активата;
- постојани средства во износ од МКД 1.351.350.626 денари, што претставува 64% од активата.

Вкупниот капитал и резервите изнесуваат МКД 1.560.518.848 денари и учествуваат со 74% во вкупните извори на средства.

	2021 (000) МКД	2021 % учество	2020 (000) МКД	2020 % учество	Индекси 21/20
ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА	1.351.351	64%	1.301.219	61%	104
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	769.029	36%	815.658	39%	94
ВКУПНО СРЕДСТВА	**2.120.379**	**100%**	**2.116.877**	**100%**	**100**
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ	1.560.519	73%	1.527.870	72%	102
ТЕКОВНИ ОБВРСКИ	418.719	20%	477.328	23%	88
ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ	141.142	7%	111.679	5%	126
ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ	**2.120.379**	**100%**	**2.116.877**	**100%**	**100**

Клучни финансиски индикатори:

	2021	2020	2019
Бруто профитна маржа	37,76%	34,72%	37,16%
Оперативна профитна маржа	12,84%	14,39%	13,62%
Нето профитна маржа	10,72%	12,67%	11,90%
Повратна капиталот	8,73%	10,91%	9,13%
Тековна ликвидност	1,86	1,66	1,55
Брза ликвидност	0,78	0,75	0,86
Капитал / Вкупни средства	0,74	0,72	0,77
Обрт на залихи	2,06	2,72	3,24
Денови на обрт на залихите	177,24	134,07	112,66
Обрт на побарувања	6,67	6,04	4,99
Денови на обрт на побарувања	54,72	60,41	73,22
Показател долг-сопствен капитал	33,78%	36,72%	29,38%
Добивка по акција	5.200	6.316	5.167

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за годината која завршува на 31 декември

Позиција	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД	Индекс 21/20
ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ	**1.255.845**	**1.285.621**	**98**
Приходи од продажба	1.220.160	1.251.407	98
Приходи од продажба на домашен пазар	442.643	383.929	115
Приходи од продажба на странски пазар	777.516	867.479	90
Промени на залихите на готови производи и производството во тек			0
Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината	90.059	53.241	169
Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината	130.429	91.834	142
Капитализирано сопствено производство и услуги	3.753	11.671	32
Останати оперативни приходи	31.933	22.542	142
ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ	**1.135.021**	**1.139.238**	**100**
Набавна вредност на трговски стоки	162.608	143.334	113
Трошоци за суровини и други материјали	485.602	567.299	86
Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	0	5.591	0
Услуги со карактер на материјални трошоци	37.457	38.265	98
Останати трошоци од работењето	58.831	46.237	127
Трошоци за вработените	328.153	310.596	106
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	12.798	12.192	105
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства	0	0	0
Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства	5.645	0	0
Останати расходи од работењето	43.927	15.724	279
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА	**161.194**	**184.976**	**87**
Финансиски приходи	1.618	6.903	23
Финансиски расходи	8.650	9.042	96
Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување	**154.161**	**182.838**	**84**
Данок од добивка	19.368	19.124	101
Нето добивка/загуба по оданочување	**134.793**	**163.714**	**82**

Финансиски ризици и управување со истите

Групацијата влегува во различни трансакции кои произлегуваат од секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Групацијата влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. И покрај изложеноста од можните флуктуациии на странски валути, Групацијата континуирано ги следи промените и соодветно ги алоцира средствата со цел ефектите да бидат минимални.

Кредитен ризик

Групацијата е изложена на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Групацијата нема значајна концентрација на кредитен ризик.

Каматен ризик

Групацијата се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Групацијата има користено вакви кредити може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењето на финансиските пазари. Каматните стапки на кредити кои ги користи Групацијата бележат пад во однос на претходните периоди.

Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групацијата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со континуирано обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

2. Ризик на финансирање

Групацијата врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на краткорочни или долгорочни кредити од банки. Групацијата континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа. За периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година кредитното задолжување е намалено за 9.712.414 денари, односно на 31 декември 2021 година изнесува 189.335.825 денари (на 31 декември 2020 година изнесува 199.048.239 денари).

Обврски за кредити:	2021 (000) МКД	2020 (000) МКД
Тековен дел на долгорочни кредити	48.194	87.369
Долгорочни кредити	141.142	111.679
	189.336	199.048

Фирми ќерки

	2021 % на учество	2020 % на учество
Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје	100%	100%
Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје	100%	100%





02 за реплек

Врз основа на нашето долгогодишно искуство во работењето и континуираното усогласување со условите на пазарот и потребите на потрошувачите, ние во Групацијата РЕПЛЕК, со користење на сопствените ресурси и капитал, создаваме вредности во квалитет, професионалност и сигурност кај нашите потрошувачи и деловни партнери односно СОЗДАВАМЕ ПОДОБРА ИДНИНА за нашите вработени и акционери.

Во текот на годините, компанијата постепено се развиваше и ги шириеше своите активности. Денес, после 76 години искуство и хармонизација на работењето со условите на пазарот, РЕПЛЕК АД претставува една од поголемите фармацевтски компании во земјата.

Во 2001 година втората компанија ќерка РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, фармацевтска фабрика екипирана со кадар, опрема и деловни простории согласно локалните законски барања беше лиценцирана, отворена и започна со работа.

Реплек Фарм континуирано се развиваше во изминатите 20 години.

2001

GMP APPROVAL for manufacture of drugs - Ministry of Health of the Republic of Macedonia

LICENCE Agreement signed between GLAXOSMITHKLINE PHARMACEUTICALS and REPLEK AD AUGMENTIN

2003

APPROVAL FOR SECONDARY MANUFACTURE OF DRUGS, TERTIARY MANUFACTURE (of ampouoles and drugs containing highly sensitizing and bioactive materials), and MANUFACTURE OF AXILIARY MEDICAL PRODUCTS Ministry of Health of the Republic of Macedonia

2005

RUSSIA-SOTEX "PharmFirm" Moskva: AGREEMENT OF MANUFACTURE ON THE COOPERATION BASIS from 05.04.2005

2008

ISO 14001:2004

SGS Societe Generale de Surveillance SA Systems & Services Certification **Zurich Switzerland** 08.03.2008

GMP CERTIFICATE FOR MANUFACTURE OF DRUGS Ministry of Health of the Republic of Macedonia 15.04.2008

2010

RUSSIA - AS BIRO - Ekaterinburg [Berezovsky Pharmaceutical Works]

CONTRACT to delivery No. R/BFZ - 2010

AGREEMENT OF MANUFACTURE ON THE CO-OPERATION BASIS - N

SERBIA - SLAVIAMED d.o.o BELGRADE and Replek Farm d.o.o.o.e.l

CO-OPERATION AGREEMENT No. 2363 from 09.06.2010



2012

RUSSIA - Victoriapharm OU Agreement for cooperation and supply ORALSEPT 16.10.2021

IRAQ - Health Care Scientific Bureau - ESB GROUP - Distribution agreement from 21.09.2012

KAZAHSTAN, KIRGISTAN, Tajekistan EVOLET Healthcare Limited - LICENSE Agreement from 02.11.2012

2014

DISTRIBUTION AGREEMENT dated 13.08.2014 signed between Replek Farm Ltd. Skopje and Corpus Medica UAB, Lithuania TARAFEN (Paracetamol, Pseudoephedrine hydrochloride, Dextromethorphan hydrobromide), film coated tablets (500+30+15) mg

Gruzija_Aversi - Rational Ltd. Technical agreement on tasks and the division of responsibilities in contract manufacturing and testing No. 6912 from 04.12.2012

2017

CONCLUSION on the suitability of the manufacturer (foreign manufacturer) of medicinas for medical use with the requirements of good manufacturing practice - Russian Federation - MINISTRY OF INDUSTRY AND TRADE OF THE RUSSIAN FEDERATION 06.10.2017

2019

GMP Inspection by a partner from POLAND/ Malta AKSON Poland - Positive inspection 13.09.2019


2020

CANNABO


03 организациона структура

реплек 2021


Организациона шема - Реплек АД Скопје



Организациона шема - Реплек Маркет Скопје



Организациона шема - Реплек Фарм ДООЕЛ



04 корпоративни информации

Надзорен одбор

Во согласност со Законот за трговските друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Надзорниот одбор е овластен да го надгледува управувањето со Друштвото од страна на Управниот одбор како и да ги анализира и процени документите на Друштвото. Овластувањата на Надзорниот одбор се утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје.

Во 2021 година актуелниот Надзорен одбор на Реплек АД работеше во следниот состав:

Георгиевски Антонио

Претседател на Надзорен одбор

Дипл. Економист

Основач и Управител на ДТУ АГ Ситко Скопје

Андреевски Петар

Член на Надзорен одбор

Дипл. Електро иженер

Извршен директор и Ко-основач на Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје

Гашевски Владимир

Независен член на Надзорен одбор

Дипл. Правник

Адвокат во Адвокатска канцеларија Владимир Гашевски

Членови на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД се од 22.09.2021

Во текот на 2021 година Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД одржа 10 седници.

Извештај за работењето на Управниот одбор

Пецовски Душан

Претседател на УО и Генерален директор на Реплек АД Скопје

Дипломиран економист, Магистер по Бизнис администрација, МБА

Талевски Цане

Член и Управител на Реплек Фарм

Дипл. Фармацевт, Специјалист по Фармацевтска технологија

Коста Котески

Член и Заменик Генерален директор на Реплек АД

Дипломиран економист, Доктор по менаџмент

Томовски Александар

Член и Директор на Правен сектор во Реплек Фарм

Дипл. правник, Магистер по деловно право

Несторовска Ѓошевска Билјана

Член и Директор на сектор Производство во Реплек Фарм

Дипл. Фармацевт, Специјалист по Фармацевтска технологија

Управниот одбор има големи овластувања во управување со Друштвото, односно спроведувањето на тековните активности на Друштвото. Тоа дејствува во име на Компанија и во рамките на предметната материја. Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, Управниот одбор раководи со целокупното работење на компанијата на своја одговорност.

Управниот одбор во извештајниот период ги изврши своите активности во рамките на своите надлежности и во усогласеност со Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото; донесување одлуки кои се однесуваат на бизнисот политика и управување со целокупното работење на Друштвото.

Покрај предизвикувачките услови за време на Ковид-19 пандемии, Управниот одбор редовно одражуваше седници. Работата на Управниот одбор во текот на 2021 година беше во рамките на утврдените надлежности со Законот за трговските друштва и Статутот на Реплек АД Скопје.

05 акционерите во фокус

Структура на акционери и акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Со состојба на 31 декември 2021 година, Друштвото има издадено само обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Структурата на акционерскиот капитал на Реплек АД е составена од домашни и странски правни и физички лица.

Номиналниот капитал на Реплек АД Скопје изнесува 25.920 акции со номинална вредност од 562,42 евра или номинален капитал во вкупен износ од 14.577.926,00 евра.

Издадени и целосно уплатени:	2021 број на акции	2020 број на акции
Обични акции	25.920	25.920
Приоритетни акции	-	-
Вкупно акции	**25.920**	**25.920**

Според евиденцијата на Македонската берза, во 2021 година се истргувани 1951 акција со 298 трансакции (без блок трансакции). Минимална цена по акција од 99.000,00 денари, односно максимална цена од 116.337,00 денари или просечна цена од 107.737,48 денари.

	2021 во МКД	2020 во МКД	2019 во МКД
Просечна пазарна цена по акција:	**107.737,48**	**85.883,70**	**75.263,94**

Друштвото заклучно со 31.12.2021 година не поседува сопствени (трезорски) акции.

Акциите на Друштвото котираат на официјалниот пазар на хартии од вредност (Македонска берза) во Република Северна Македонија. Последната пазарна вредност на една акција на Друштвото во 2021 година изнесува 101.850 МКД (во 2020: 104.000 МКД, во 2019: 77.000 МКД). Во рамките на вкупниот капитал е евидентирана разлика во износ од 28.350 илјади МКД како објективна вредност и останати резерви по основ на усогласување на номиналната вредност на акционерскиот капитал со состојбата во трговскиот регистар и ЦДХВ.

	2021 (000) МКД	2020 број на акции
Нето добивка за годината	134.793	163.714
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**134.793**	**163.714**

	2021 број на акции	2020 број на акции
Број на обичните акции на 31 декември	25.920	25.920
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**5.200**	**6.316**

Дивиденда

На годишното собрание на Реплек АД Скопје за 2021 година, кое ќе се одржи во текот на 2022 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2021 година. Правото за остварување на дивиденда е согласно одлуката донесена на Годишното собрание.

Согласно Одлука за распределба на добивка донесена на Собрание на ден 08.04.2021 година, Реплек АД Скопје има исплатено бруто дивиденди и награди во вкупен износ од МКД 75.705.306 денари, односно исплата на дивиденда во нето износ од 2.153 денари по акција. На ден 22.09.2021 година донесена е одлука на Собрание на акционери за дополнителна исплата на дивиденда во нето износ од 918 денари по акција или бруто износ од 1.020 денари по акција во вкупен бруто износ од 26.438.400 денари.

	Од распределба на добивката по годишната сметка за:		
	2020 година	2019 година	2018 година
Бруто дивиденда по акција во денари:	**3.412**	**4.168**	**4.704**

Реплек АД Скопје во текот на 2021 година има приливи од дивиденда од придружени друштва во износ од МКД 76.000.000 денари.


250
200
150
100


No. 9820
No. 9820
No. 9820
No. 9820

06 вработените во фокус

Клучни податоци за вработените

468 вработени

307 жени

160 мажи

54 менаџери

37 жени

17 мажи

45 год. просечна возраст

38 нови вработувања на ниво на групација во 2021

Реплек АД Скопје

Сектор	2019 година	2020 година	2021 година
Управа	/	/	4
Фармацеутика	2	2	2
Извоз-увоз	1	1	1
Финансии	2	3	1
Општ	1	1	/
Грин шоп	/	3	3
Служба за внатрешна ревизија	/	/	1
Вкупно вработени	**6**	**10**	**12**

Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје

Сектор	2019 година	2020 година	2021 година
Маркет	40	41	41
Ресторан	21	18	18
Вкупно вработени	**61**	**59**	**59**

Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје

Сектор	2019 година	2020 година	2021 година
Кабинет на директор	8	8	3
Развој и истражување	17	14	15
МИС и пропаганда	17	16	13
Контрола на квалитет	50	58	60
Комерција	22	21	21
Производство	173	193	178
Регулаторни активности	11	11	11
Обезбедување на квалитет	10	11	9
Набава	5	5	5
Правен	38	40	41
Финансии	9	7	8
Информациски технологии	9	10	10
Канабис	/	7	11
Технички системи и одржување	/	/	12
Вкупно вработени	**369**	**401**	**397**

Образовната структура на вработените во Групацијата Реплек на 31 декември 2021 година

Реплек АД

3 магистер

- Економски науки 1
- Бизнис администрација 2

1 доктор на науки

- Менаџмент 1

Реплек Фарм ДООЕЛ

9 специјализација

- Фармацевтска технологија 3
- Фармакоинформатика 1
- Испитување и контрола на лекови 2
- Клиничка фармакологија 1
- Фармација 2

5 магистер

- Здравствен менаџмент и Фармакоекономија 2
- Бизнис администрација 2
- Биолошки науки 1

4 доктор на науки

- Фармацевтски науки 1
- Хемиски науки 1
- Биолошки науки 1
- Медицински науки и клиничка медицина од областа на фармакологија 1

Инвестираме во образование и доусовршување на вработените

Свесни сме дека развојот на компанијата е тесно поврзан со развојот на нашите вработени. Во текот на 2021 година ги поддржавме специјалистичките студии по испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот Факултет во Скопје на тројца наши вработени. Студиите траат 3 години.

Грижа за вработените и во време на криза

Во контекст на специфичните услови за функционирање во текот на пандемиската 2021 година, грижата за вработените остана меѓу врвните приоритети на Реплек.

Во таа насока се преземени сите заштити и превентивни мерки:

- дезинфекција, носење на заштитни маски,
- ослободување од работа на вработените со хронични болести, родители на деца до 10 годишна возраст, бремени жени,
- поставување на паравани во канцелариите во кои има поголем број на вработени,
- работа од дома каде дозволува процесот на работа.

Грижата за нашите вработени е и грижа за нивните семејства. Поради пандемијата, предвидените средства за новогодишна прослава ги пренаменивме за зголемување на семејниот празничен буџет на нашите вработени. Сакајќи да ги израдуваме децата на нашите вработени, а истовремено да ја поддржиме локалната економија, набавиме новогодишни пакетчиња од домашни производители.

Единство и тимски дух

Во одлична форма и кондиција, тимот на Реплек Фарм го освои четвртото место на традиционалната Бизнис Трка 2021, организирана од страна на Прв до Врв.

Бројните натпреварувачи на Реплек Фарм, поделени во 5 тима, во 2021 трчаа во чест на прерано починатиот колега Јорго.

По повод трката тие изјавија: „Континуирано работиме на наше подобрување и целиме високо. Се гледаме догодина со уште подобар резултат “



07 животната средина во фокус

Ги почитуваме и унапредуваме основните еколошки аспекти во однос на бучава, отпад, прашина и максимално ја рационализираме потрошувачката на енергија, вода и останатите природни ресурси.

Наша цел е заштита и континуирано подобрување на квалитетот на живот и животната средина, како морална посветеност кон сегашните и идните генерации.

Позитивните движења за 2021 година во потрошувачката на електрична енергија и вода.

Потрошувачка на струја

2018	2019	2020	2021
2,259,098 Kwh	2,318,320 Kwh	2,957,932 Kwh	2,951,697 Kwh

Потрошувачка на вода

2018	2019	2020	2021
22021 m^3	21171 m^3	21059 m^3	26555 m^3

Емисии на штетни материи во воздух

Точки на емисија	Опис	Детали на емисијата				
Референти броеви		Материјал	мдк kg/h	mg/Nm3	kg/h	kg/година
Систем А	Систем А	прашина	0.5	0.3	0.004	0.0147
Систем V	Систем V	прашина	0.5	0.3	0.0028	0.0101
Систем К1	Систем К1	прашина	0.5	0.3	0.0023	0.0082
Систем К2	Систем К2	прашина	0.5	0.4	0.0015	0.0055
Линија L1	Линија L1	прашина	0.5	0.3	0.0003	0.0012
Линија L2	Линија L2	прашина	0.5	0.6	0.0005	0.0018

* ЕМИСИИТЕ СЕ МЕРАТ ЧЕТИРИ ПАТИ ГОДИШНО
** ПРИЛОГ СО ПРИКАЖАНО ЕДНО МЕРЕЊЕ

Квалитет на отпадна вода

Параметар	МДК	мг/л
pH вредност	6.5-9.5	7.31
Боја	Без	Без
Мирис	Без	Без
Вк. Сув остаток	/	399
ХПК (K2Cr2O7)	700	25
БПК -5	250	2.79
TOC	/	13.37
Нитрити, NO2-	10	0.02
Нитрати HO3-	/	1.04
Хром Cr	0.5	0.05
Железо бк. Fe вк.	/	0.1
Бакар Cu	0.5	0.1

* МЕРЕЊАТА СЕ ВРШАТ ЕДНАШ МЕСЕЧНО

Бучава

Извор	Емисиона точка Реф. Бр.	МДК	Звучен притисок dBA на референтна оддалеченост
Вентилационен систем, клима комора	NL1	60 dBA	56.2
Клима инвертери	NL2	60 dBA	
54.1	/	399	399
4 вентилации од Блок Б и клима комори	NL3	60 dBA	58.1
Вентилација и клима комори	NL4	60 dBA	50.3

* БУЧАВАТА СЕ МЕРИ ЕДНАШ ГОДИШНО





08 општествена одговорност

Донации во вкупен износ од над 130.000 евра

Во тек на 2021 година Реплек дониpаше повеќе од 8.000.000 денари или повеќе од 130.000 евра за добротворни цели т.е. помош на јавните институции: Министерство за здравство, ЈЗУ Клинички Центар, ЈЗУ ГОБ 8 Септември, Институт за Белодробни заболувања Козле, Институт за Физикална Медицина и Рехабилитација, основни училишта, детски градинки како и СОС Детското село. Помагаме на оние на кои тоа им е најпотребно и посветено работиме на нашата мисија да обезбедиме квалитетни и достапни лекови за сите. Наша цел е континуирано зголемување на инвестициите во развој, едукација, зачувување на животната срединаи градење подобра заедничка

Кодекс на корпоративно управување

Врз основа на член 384-а од Законот за трговски друштва, Управниот одбор Изјавува дека во Групацијата Реплек Скопје - Реплек АД, Реплек фарм ДООЕЛ и Реплек маркет ДООЕЛ се применува кодекс за корпоративно управување донесен од страна на Реплек АД врз основа на законските прописи на РСМ. Кодексот е јавно достапен за сите вработени на огласната табла во просториите на компанијата, како и во електронска форма за интерна употреба. Од донесувањето на Кодексот на ден 29.04.2020 година па се до денес, не постојат случаи кои би укажале дека постојат отстапувања од правилата на кодексот за корпоративно управување, туку напротив, стремеж на компанијата е максимално да се почитуваат правилата со што се обезбедува успешно работење на компанијата, заштита на нејзините интереси како и интересите на вработените.

Вкупните бруто годишни примања на Надзорниот и Управниот одбор во 2021 година изнесуваат МКД 7.580 илјади и МКД 20.944 илјади, соодветно, по основ на редовна плата и други примања на членовите на органите на управување и на органите на надзор.

Трка за независност – Крушево

На 4ти септември 2021 се одржа првата 5 километарска “Трка за независност” во Крушево. Реплек фарм како општествено одговорна компанија, го поддржа и овој настан со донација на производи меѓу кои и Ресепт производите за дезинфекција.

Продолжуваме со поддршка на спортските манифестации со цел постигнување на подобри резултати, за поздрави поколенија и здрава иднина.



09 инвестиции

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во Друштвото континуирано се инвестира во градежни објекти и опрема, особено во зголемување на капацитетите на производството во Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје.

во (000) МКД	Земјиште	Градежни објекти	Опрема и транс.сред	Средства во подгот.	Вкупно
Нето сметководствена вредност на:					
31.12.2021	**11.516**	**401.200**	**897.087**	**31.711**	**1.341.514**

Инвестиции во 2021 година прикажани по сегменти:

во (000) МКД	Градежен дел (000 МКД)	Постројки и опрема (000 МКД)	Опрема и транс.сред	Средства во подгот.	Вкупно
Реплек АД	**478**	**159**	**8.734**	**1.342**	**10.712**
Реплек Фарм ДООЕЛ	**386**	**35.874**	**3.333**	**28.801**	**68.394**
Сектор канабис	122	9.030	73	19.855	29.081
Секор производство	264	16.592	37	8.947	25.839
Сектор контрола на квалитет	0	8.118	84	0	8.202
Сектор за развој	0	862	25	0	887
Останати	0	1.272	3.114	0	4.386
Реплек Маркет ДООЕЛ	**4.787**	**2.009**	**2.055**	**0**	**8.851**
Вкупно:	**5.651**	**38.041**	**14.122**	**30.144**	**87.957**

Модернизација и зголемување на капацитетите

Во 2021 година е порачана Флуидна сушница со можност и за гранулација (Fluid Bed Dryer + Granulator). Оваа машина ќе се овозможи компатибилност со машините во производство во однос на сушењето на гранулатот при процесите на влажна гранулација. Со оваа опрема се отвора можност за воведување на уште еден процес во нашата лабораторија, а понатаму и во секторот производство.

Во 2021 година инвестиравме и во унапредување на контролата на квалитетот на нашите производи. Во секторот Контрола на квалитет набавени се и инсталирани во март 2021 четири инструменти во вредност од 130.000 евра и тоа:

- Ultra pressure liquid chromatography system - UPLC Shimadzu Nexera LC-40 (апарат за течна хроматографија под ултра висок притисок);
- High pressure liquid chromatography system- HPLC Agilent 1260 Infinity II- (апарат за течна хроматографија под висок притисок);
- Dissolution system (апарат за растворливост) - Agilent 708;
- Два орбитални шејкери.

Во 2021 година инвестистиции се направени и во секторот за производство на фармацевтски дозирани форми:

- Пуштена е во работа и нова линија за производство на фармацевтски полуцврсти дозирани форми супозитории, со која се зголемува капацитетот на производство на овие дозирани форми;

- Инсталирана е машина за дозирање на прашкасти дозирани форми со полнење во ќесички со што е планирано воведување на нова линија на производи во производната програма на Реплек Фарм;

- Реализирана е реконструкција на магацинот за складирање на амбалажни единици кои се користат во процес на производство согласно нормите на ДПП со која значително се зголемува капацитетот на лагерирање.

Големиот интерес и побарувачка ширум светот (Израел, Бразил, Полска, Австралија, Чешка и Шпанија), како и брзиот тренд во развојот на технолошките процеси за добивање на екстракти од канабис за медицински цели беа причината за реализација на нов проект во овој сегмент и поголема инвестиција од досегашните. Зачетоци на оваа идеја датираат од втората половина на 2020 година, а главните одлуки за почеток беа донесени во 2021 година.

Оваа инвестиција се изведува на вкупно 400метри квадратни, а проектот е дизајниран и се изведува согласно GMP директивите. Истиот е изграден од најсовремени материјали во структурата на белите соби. HVAC систем за одржување и мониторирање на вентилација, загревање, климатизација на просториите, како и прочитување со помош на HEPA филтри кои обезбедуваат високо ниво на чистота во производните соби (ISO класа 8). Проектот вклучува и изведба на сопствен систем за добивање на пурифицирана и деминералзирана вода. Сите овие процеси се контролирани со помош на BMS систем, односно интелигентен микропроцесорски

контролен систем кој дава 24/7 часовен приказ за состојбата на вентилацијата, климатизацијата, осветлувањето, хидрауликата и обезбедува стабилен и постојан систем на функционирање.

Модернизацијата, односно следењето на развојните трендови не подразбира само вложување во квалитетот на цврстата градба. Напротив, влогот во начинот на изработка и технологијата на производството се суштински чекор до повисок и подобар квалитет на крајниот производ. Поради ова изминатите 2020 и 2021 година претставуваат години на инвестиции во набавка на вкупно пет машини. Набавената опрема е изработена од материјали сертифицирани во согласност со GMP стандардите кои се компатибилни за работа во фармацевтската индустрија. Истите се наменети за различни процеси почнувајќи од процесот на суперкритична CO2 екстракција, апаратура за прочистување на добиените екстракти, поминувајќи низ процесот на полнење и затворање на течни и полутечни фармацевтско дозирани форми. Овие машини обезбедуваат подобар квалитет на добиениот производ и усовршување, односно автоматизирање на технолошките процеси. Со сето ова се обезбедува поголема сигурност и минимизирање на процентот на влијание на човечкиот фактор и грешка.

Според веќе изготвениот проектен план завршувањето на сите активности во врска со овој погон се очекува крајот на април 2022 година. Тимот одоговорен за спроведување на понатамошните задачи продолжува со подготовките за престојните инспекциски надзори од страна на Македонските и Европските одговорни тела за добивање на MK GMP и EU GMP лиценци.

Процеси и сертификација

Обезбедувањето на квалитет на сите процеси е со цел добивање на готов лек кој одговара на спецификациите за квалитет. За да осигуриме дека истото се остварува редовно се спроведуваат GMP ревизии и ревизии од страна на партнерите.

Обезбедување на висок квалитет подразбира и почитување на високите стандарди кои ги предвидуваат различните сертификати. Во 2021 година обновени и продолжени се следните сертификати:

- RU GMP сертификатот за течни и полуцврсти форми што се оденсува на производите Оралсепт раствор и Оралсепт пастили EU GMP сертификатот од JAZMP Словенија кој се однесува на цврсти дозирани форми и полуцврсти и течни дозирани форми. Овој сертификат е продолжен за една година односно со важност до крајот на 2022, согласно Ковид процесорите

Направени се редовни онлајн инспекции на добавувачите на активни супстанции кои влегуваат во состав на готовиот лек. Исто така редовно се спроведувани планираните онлајн обуки согласно Ковид19 пандемијата.

Во 2021 година направени се редовните валидации на процесите и валидации на чистење на машините кои се користат во производството.

Дополнително продолжен е процесот на серијализација. Овој процес е почнат во текот на 2019 година за производи на европскиот пазар. Во 2021 серијализацијата продолжи да се имплементира и на рускиот пазар за производи кои се извезуваат како готов лек во Русија (Оралсепт спреј)

Во 2021 се спроведе и се заврши студија за биоеквиваленција за Азимед (Azithromycin) филм обложени таблети 3 x 500 mg, спонзорирана од Реплек Фарм. Со студијата е потврдена ефикасноста на генеричкиот лек со таа на оригинаторот.

Name of the medicine	Registration valid until	BE study status
AZIMED® (Azithromycin) film c. tabl. 3x500mg	Unlimited	performed and finished 2021

10 портфолио

Маркетинг и продажби

Продажба на топ 5 производи за 2021 година (% учество во вкупната продажба на лекови):

	% учество		
Топ 5 производи	2021	2020	2019
AZIMED (azithromycin)	13%	21%	9%
VENTOR (nimesulide)	11%	10%	12%
ORALSEPT (benzydamine)	7%	3%	5%
IBUPROFEN (ibuprofen)	5%	8%	7%
AMINOPHYLLINE (aminophylline)	4%	4%	4%

Нови маркетинг авторизации

Name of the medicine	Registered in R. S. Macedonia, valid until
KETOPROFEN FORTE (ketoprofen) film coated tablets 20 x 100mg	unlimited
KETOPROFEN RETARD (ketoprofen) prolonged release tablets 150 mg x 30	unlimited
KETOPROFEN RETARD (ketoprofen) prolonged release tablets 30 x 200 mg	unlimited
BETAMETAZON (betamethasone) cream 0.5 mg/1g, 30 g	unlimited
BETAMETAZON (betamethasone) ointment 0.5 mg/1g, 30 g	unlimited
RECIPROKS (ciprofloxacin) film coated tablets 500 mg x 20	unlimited

Нови производи во 2021



HISPEROX (Desloratadine)
филм-обложени таблети
5 mg x 10



HISPEROX (Desloratadine)
филм-обложени таблети
5 mg x 30



MOXIMED (Moxifloxacin)
филм-обложени таблети
400 mg x 5



MOXIMED (Moxifloxacin)
филм-обложени таблети
400 mg x 7



MOXIMED (Moxifloxacin)
филм-обложени таблети
400 mg x 10



FORVITA RESVERATROL + VITAMIN E
(Moxifloxacin)
капсули **(250 + 50) mg x 60**





Лекови на рецепт според фармако – терапевтска група

Дигестивен тракт и метаболизам

ОМЕПРАЗОЛ
МЕСАЛАЗИН
МЕТФОРМИН
ГЛИБЕНКЛАМИД
НЕУРО-ВИТ
КАЛЦИУМ КАРБОНАТ

Крв и крвни органи

АЦЕНОКУМАРОЛ
КЛОПИДОГРЕЛ АКТИВ®
РЕФЕРУМ® Таблети за џвакање
РЕФЕРУМ® Сируп
ФОЛНА КИСЕЛИНА

Кардиоваскуларен систем

АМИОДАРОН
НИТРО М Ретард®
СПИРОНОЛАКТОН
ПЕНТОКСИФИЛИН
АТЕНОЛОЛ
БИСОПРОЛОЛ
КАРВЕДИЛОЛ
АМЛОДИПИН
НИФЕДИПИН Ретард
ВЕРАПАМИЛ
РЕНАПРИЛ®
ЛИЗИНОПРИЛ
ЛОСАРТАН
РЕВАСТАТ®
АТОРВАСТАТИН

Дерматолошки препарати

БЕТАМЕТАЗОН
БЕТАСАЛИК®

Генитоуринарен систем и полови хормони

СПАЗМОтроспиум®

РЕВАГРА®

Генерални антиинфективи за системска примена

ДОКСИЦИКЛИН

ТРИМОКСАЗОЛ®

КЛАРИЦИН®

АЗИМЕД®

АМИКАЦИН

РЕЦИПРОКС®

НОРФЛОКСАЦИН

МОКСИМЕД

ДИФЛУКОНАЗОЛ®

Мускуло-скелетен систем

ДИКЛОФЕНАК Форте•Ретард

МЕЛОКСИКАМ

КЕТОПРОФЕН•Форте•Ретард

ВЕНТОР®

Нервен систем

БИПЕРИДЕН

ЛЕВОДОПА+КАРБИДОПА

ХАЛОПЕРИДОЛ

ОЛАНЗАПИН

РИСПЕРИДОН

ДИАЗЕПАМ

ЛЕКСАН®

АЛПРАЗОЛАМ

ПАРОКСЕТИН

ПИРАЦЕТАМ

Респираторен систем

ЦЕТИРИЗИН

ЛОРАТАДИН

МОНТЕЛУКАСТ

ХИСПЕРОКС

Сензорни органи

ДЕКСАМЕТАЗОН + ХЛОРАМФЕНИКОЛ

Лекови без рецепт

АДОЛОР® ГРИПО Ц
АДОЛОР® КИДС
АДОЛОР® Колд
АДОЛОР® Рино
АКТИФЕН®
АКТИФЕН® КИДС
АЛЕРЗИН®
ВИТАМИН Б6
ВИТАМИН Е
ВЕНТОР® Гел
ДИКЛОФЕНАК Гел
ИБУПРОФЕН АКТИВ
ИБУПРОФЕН АКТИВ – Сируп
ИБУПРОФЕН АКТИВ – Крем
КЕТОПРОФЕН – Крем
КОДЕФАН®
ЛАКСАН
ЛОРАТА
НЕУРО-ВИТ
ОРАЛСЕПТ® Раствор
ОРАЛСЕПТ® Спреј и Пастили
ОРАЛСЕПТ® ДУО спреј
ПАРАФЕН®
ПАРАЦЕТАМОЛ Таблети
ПАРАЦЕТАМОЛ Сируп
ПАРАЦЕТАМОЛ Супозитории
РЕКОНАЗОЛ® Шампон
РЕКОНАЗОЛ® Крем
РЕФАЛГИН®

Антисептици и Дезинфициенси

РЕСЕПТ гел
РЕСЕПТ+ гел за раце со CBD
РЕСЕПТ раствор
РЕСЕПТ раствор, спреј

Додатоци во исхраната

ФОРВИТА® Б-Комплекс

ФОРВИТА® Витамин Б12

ФОРВИТА® Ц

ФОРВИТА® Ц 1000мг

ФОРВИТА® Ц Кидс

ФОРВИТА® Кидс Сируп

ФОРВИТА® А, Ц, Е + Се

ФОРВИТА® Витамини и Минерали

ФОРВИТА® Глукозамин

ФОРВИТА® Ресвератрол + Витамин Е

ФОРВИТА® Флекси Актив

ФОРВИТА® Остео

ФОРВИТА® АнтиСтрес

ФОРВИТА® Феме

ФОРВИТА® Д3

ФОРВИТА® Кидс Д3

ФОРВИТА® Цинк

ФОРВИТА® Кидс Цинк

ФОРВИТА® Авирекс

ФОРВИТА® Авирекс Форте

БОСВЕЛИА

БРУСНИЦА Плус+

ГАСТРИКС

ЦИМЕТ +Zn

ЛИКОПЕН

ТИКВА +Zn Актив

САЛВИСЕПТ® Ц

Гранични производи

Производство на екстракти и производи од канабис за медицински цели

Реплек е прв сертифициран производител на екстракти од канабис за медицински цели во Република Северна Македонија. Произведуваме природни висококвалитетни екстракти од канабис вградени во различни фармацевтски дозирани форми, во согласност со високите стандарди на фармацевтската индустрија, за што поседуваме и Сертификат за сообразност на производител со GMP нормите.

Сите фази, од прием на сушен цвет, преку процеси на екстракција, технолошки процеси на производство на дозирани фармацевтски формулации и нивно пакување, се строго контролирани од нашите сертифицирани лаборатории за Контрола на квалитет и Микробиологија во сите меѓуфази, со што се обезбедува строго контролиран и стандардизиран финален производ од канабис со висок квалитет.

Сушениот цвет кој се користи како како влезна суровина во процесите на екстракција, мора да ги задоволува сите критериуми на квалитет, вклучувајќи ги и здавствените аспекти на отсуство на контаминанти; хербициди, пестициди, тешки метали, резидуални органски растворувачи, отсуство на микотоксини, микробиолошка чистота и др. Екстракцијата ја изведуваме според стандардни, строго дефинирани услови на суперкритична CO2 екстракција, коа се одвива на ниска температура, што обезбедува максимално зачувување на сите присутни канабиноиди и останати биолошко-активни фитокомпоненти. На тој начин се добива полновреден “Full Spectrum” екстракт од канабис, во кој е одржан меѓусебен синергизам на компонентите на растението.

Ваквиот природен полновреден екстракт од канабис се користи како активна компонента во нашите дозирани фармацевтски формулации, во точно одредена количина, со која се обезбедува декларираната содржина на примарните канабиноиди, во нивната најпотентна декарбоксилирана, неутрална, липофилна форма.

КАНОИЛ

Производи со ЦБД (канабидиол) 100% природни, без психотропно дејство.

Категоризирани се како гранични производи и достапни се во аптеките без рецепт.

КАНОИЛ® Масло

КАНОИЛ® Масло 5% CBD

КАНОИЛ® Масло 7% CBD

КАНОИЛ® Масло 10% CBD

КАНОИЛ® Gold Nut 25% CBD

КАНОИЛ® Био Спрej

КАНОИЛ® Био 600 mg CBD

КАНОИЛ® Био 800 mg CBD

КАНОИЛ® Био 2000 mg CBD

КАНОИЛ® Био 3000 mg CBD

КАНОИЛ® Био 12% CBD

КАНОИЛ® Био 15% CBD

КАНОИЛ® Био 20% CBD

КАНОИЛ® Маст

КАНОИЛ® Маст 100 mg CBD

КАНОИЛ® Маст 200 mg CBD

КАНОИЛ® Маст 600 mg CBD

КАНОИЛ® Супозитории

КАНОИЛ® Супозитории
25 mg CBD

КАНОИЛ® Супозитории
50 mg CBD

КАНОИЛ® Вагитории

КАНОИЛ® Вагитории
50 mg CBD

КАНОБИЛ

Производи со ЦБД и ТХЦ (канабидиол, тетрахидроканабинол)

100% природни екстракти од ЦБД + ТХЦ во соодветен сооднос и концентрација, за различна употреба.

Поради концентрација на ТХЦ над 0, 2% овие производи се категоризираат како лекови кои се издаваат со двоен рецепт.

КАНОБИЛ® КАНЦ

КАНОБИЛ® КАНЦ

КАНОБИЛ® КАНЦ+

КАНОБИЛ® КАНЦ ФОРТЕ

КАНОБИЛ® КАНЦ УЛТРА

КАНОБИЛ® МС

КАНОБИЛ® МС

КАНОБИЛ® МС+

КАНОБИЛ® ЕПИ

КАНОБИЛ® ЕПИ

КАНОБИЛ® ХИВ

КАНОБИЛ® ХИВ

CANNABO Иновативна нега за кожа

Канабидиолот е природен антиоксиданс кој ја детоксицира, заштитува, храни и подмладува кожата, ја поттикнува нејзината регенерација и ги намалува оштетувањата на клетките.

Токму поради тоа ги соединивме ефектите на висококвалитетен, природен ЦБД со веќе докажаните состојки, за засилена заштита од предвремено стареење на кожата.

Иновативна нега за лице со CBD (канабидиол)

- Cannabo Дневен крем
- Cannabo Ноќен крем
- Cannabo Балзам за усни
- CANNABO крем за околу очи

Иновативна нега за лице со CBD (канабидиол) и 24 каратно злато

- Cannabo Exclusive Дневен крем
- Cannabo Exclusive Ноќен крем
- Cannabo Exclusive крем за Мажи

Иновативна нега за тело со CBD (канабидиол)

- Cannabo Крем за раце
- Cannabo Лосион за тело
- Cannabo Масло за масажа
- CANNABO Cellugel plus антицелулитен гел
- CANNABO Reven plus крем за вени
- CANNABO шампон

Иновативна нега за воспалена кожа со CBD (канабидиол)

- Cannabo Herp крем
- Cannabo Hemor крем

Претседател на Управен одбор,

Душан Пецовски



Членови на Управен одбор

Цане Талевски



Коста Котески



Александар Томовски



Билјана Несторовска Ѓошевска



